# ДВОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА **ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

човекови права

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

СЕПТЕМВРИ - ОКТОМВРИ 2016

# СОДРЖИНА


## 3 УСТАВЕН СУД

3 УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НЕ РАБОТИ СПОРЕД ДЕЛОВНИК

## 5 ПРИСТАП ДО ПРАВДА

5 ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ Е ЦЕЛОСНО НЕФУНКЦИОНАЛЕН

## 7 СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

7 ПРИТИСОЦИ ВО РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

9 НЕПРОФЕСИОНАЛЕН ОДНОС НА РЕДОВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ КОН СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## 9 ОБВИНИТЕЛСТВО

9 НЕЗАКОНСКИ РЕИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РМ

## 9 ДИСКРИМИНАЦИЈА

9 ПРОДОЛЖУВА СИСТЕМСКАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

9 ДИСКРИМИНАТОРСКА СОДРЖИНА ВО УЧЕБНИКОТ „ОПШТЕСТВО” ЗА 4ТО ОДДЕЛЕНИЕ

## 9 СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

9 ПРОДОЛЖУВА НЕДОСЛЕДНАТА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ

## 9 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

9 ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

# УСТАВЕН СУД

## УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НЕ РАБОТИ СПОРЕД ДЕЛОВНИКОТ НА УСТАВЕН СУД

На ден 28.09.2016 година со почеток во 09:00 часот, се одржа 21-вата седница на Уставниот суд на Република Македонија.

На почетокот на седницата, збор побара судијката Наташа Габер-Дамјановска и истакна дека дневниот ред што бил доставен до судиите за седницата бил правно невалиден, затоа што е потпишан од генералниот секретар на кого му е истечен мандатот, а тоа е спротивно на Деловникот на Уставен суд. Дополнително за збор се јави претседателката Гошева, која истакна дека Уставниот суд и друг пат работел спротивно од Деловникот и понегаш се правеле отстапки од истиот, па согласно тоа таа не гледала причина зашто и во овој случај не се прави отстапка. Таа дополни дека мандатот на генералниот секретар ќе трае до именување на нов генерален секретар. За збор се јави судијката Гзиме Старова и истакна дека никогаш порано немало ваква ситуација во Уставниот суд, односно генералниот секретар секогаш бил избран до 1ви септември. Изјавата на претседателката на Уставниот суд дека судот не работи согласно Деловникот ја оцени како скандалозна.

Хелсиншкиот комитет смета дека ваквото постапување на судот ја доведува во прашање компетентноста, стручноста и ажурноста на судот. Крајно несериозно е претседателот на Судот на јавна седница да изјави дека судот прави отстапки од Деловникот и дека понекогаш не работи согласно иститот. Хелсиншкиот комитет укажува дека согласно член 95 од Деловникот на Уставниот суд, мандатот на генералниот секретар на Судот трае 4 години и има право на повторен избор.

Дополнително ова е огромен пропуст и на генералниот секретар на Уставниот суд, кој согласно член 96 од Деловникот на судот има обврска да се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предеметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на стручната служба и стручниот колегиум.

Хелсиншкиот комитет смета дека ваквото постапување е крајно несериозно и загрижувачко, затоа што Уставниот суд треба да претставува орган кој ја чува законитоста и уставноста и треба да работи согласно Уставот и законите, како и според Деловникот на Уставниот суд, а не орган што не ги почитува позитивните законски прописи.

**ПРЕПОРАКА:**

Хелсиншкиот комитет го повикува Судот во најбрз можен рок да ја свика Комисијата за организациони и кадровски прашања, која согласно член 92 од Деловникот на Уставен суд е одговорна да разгледува и дава предлози за именување и разрешување на Секретарот на Судот и да избере нов генерален секретар.

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА

## ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ Е ЦЕЛОСНО НЕФУНКЦИОНАЛЕН

Во октомври 2016 година до Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати странка и побара правна помош. Странката е невработено лице, самохрана мајка на дете родено во вонбрачна заедница, со утврдено татковство. Странката побара правна помош бидејќи се наоѓа во правен лавиринт при обидот да го оствари правото на социјална парична помош. Имено странката се обидела да покрене постапка за остварување на правото на социјална парична помош, но при поднесување на барањето за остварување на ова право од Центарот за социјални работи добила информација дека нејзиното барање нема да биде одобрено се додека не поведе судска постапка за издршка на детето од таткото на детето. Странката преку Хелсиншкиот комитет за човекови права, како регистрирано здружение за давање на претходна правна помош, до Подрачнато одделение на Министерство за правда во Скопје испрати барање за бесплатна правна помош и доделување на бесплатен адвокат кој ќе ја застапува во судска постапка за добивање на издршка за

малолетното дете. Министерството за правда, пробивајќи ги законските рокови предвидени во Законот за бесплатна правна помош, донесе негативно решение по ова барање со образложение дека барателката не ги исполнува законските условите за користење на бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош, односно не е корисник на социјална помош.

Овој случај најдобро го отсликува ограничувачкиот карактер на Законот за бесплатна правна помош и покажува дека Законот не ја исполнува својата цел, односно не обезбедува еднаков пристап на сите граѓани до институциите на системот, за остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата. Во конкретниот случај Законот за бесплатна правна помош не овозможува еднакоов пристап до правда на материјално необезбедена и невработена самохрана мајка на малолетно дете кое е во социјален ризик.

**ПРЕПОРАКА:**

**Апелираме да се измени и дополни Законот за бесплатна правна помош со проширување на одредбите кои се однесуваат на лицата кои можат да се јават како корисници на бесплатната правна помош, така што ќе се опфатат сите граѓани кои со оглед на својата материјална положба, не би можеле на друг начин да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.**

# СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## ПРИТИСОЦИ ВО РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Продолжуваат притисоците врз работата на Специјалното јавно обвинителство. Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева на 26.09.2016 ја напушти седницата на собраниската Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците изјавувајќи дека ќе дојде само на пленарната седница на која ќе биде разгледуван извештајот за работата на Специјалното јавно обвинителство бидејќи и бил вршен класичен мобинг од страна на пратениците. Иако предмет на разгледување на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците беше вториот шестмесечен извештај за работатата на ова Јавно обвинителство, сепак Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева транспарентно одговараше и на сите поставени прашања кои не беа поврзани со извештајот.

На 28.09.2016 Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева ја напушти седницата на Советот на јавни обвинители на која се разгледуваше извештајот на Специјалното јавно обвинителство заради

лични навреди[1] упатени од страна на членот на Советот, Зоран Сулејманов[2]. Навредите на г-дин Сулејманов биле на лична основа, се однесувале на стручноста и капацитетот на Специјалната јавна обвинителка и не биле никако поврзани со извештајот на Специјалното јавно обвинителство.

**ПРЕПОРАКА:**

**Хелсиншкиот комитет за човекови права изразува сериозна загриженост за опструкциите и притисоците врз работата на Специјалното јавно обвинителство кои се вршат од страна на државните институции. Апелираме истите да престанат и да му се овозможи на Специјалното јавно обвинителство да работи независно и во согласност со закон.**

1 Изјавата на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева може да ја прочитате на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=L-OptrlxNWg

2 Соопштението на Специјалното јавно обвинителство во однос на седницата за разгледување на извештајот на Специјалното јавно обвинителство може да го прочитате на следниот линк: http://www.jonsk.mk/2016/09/26/26-09-2016/

## НЕПРОФЕСИОНАЛЕН ОДНОС НА РЕДОВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ КОН СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

На 25 октомври, анонимни јавни обвинители од Основното јавно обвинителство Скопје упатија отворено писмо до специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. Имајќи предвид дека писмото не беше потпишано ниту од овластено лице во ОЈО Скопје, ниту од здружение на јавни обвинители, непознато е кој го составил и кој стои зад изнесените наводи за „срамна непрофесионалност, нарушување на угледот на обвинителската професија, непочитување на етичкиот кодекс на јавните обвинители, создавање клима на непочитување на законите, прекршување на принципот на пресумпција на невиност, водење на политичка кампања“ итн.

Хелсиншкиот комитет потсетува дека непостапувањето на редовното обвинителство беше главна причина за основање на Специјалното јавно обвинителство. Доколку редовното обвинителство беше професионално, уживаше углед во јавноста, го почитуваше својот кодекс и имаше создадено клима на почитување на законите, немаше да се наметне потребата од основање на СЈО. Што се однесува до принципот на пресумпција на невиност, за волја на вистината, иако обвинителството има законска обврска јавно да го штити овој принцип (Член 8, став 3 од Законот за ЈО), тоа никогаш не се обратило до јавноста и покрај флагрантно кршење на овој принцип од страна на политички функционери и медиумите.

Хелсиншкиот комитет потсетува дека редовното јавно обвинителство е еден од најкритикуваните сегменти на македонското правосудство. Негативните оценки за неговата работа можат да се прочитаат во сите извештаи на меѓународни институции и организации што ја следат состојбата во правосудството, вклучително и во голем број на документи на Обединетите нации

и Европската унија. Овие критики се однесуваат на „селективната пасивност“ што „предизвикува загриженост за независноста“ на Јавното обвинителство, особено поради непостапувањето во предмети со „висок степен на политичка корупција“.[3] Можеме да заклучиме дека се работи за нова епизода од кампањата против СЈО, бидејќи не е нормално да постои судир на две обвинителства на политичка основа, како што не е нормално на едно обвинителство отворено да му се спротивстават и основен суд и структури во МВР.

## ПРЕПОРАКА:

**Наместо недоветно и непрофесионално споделување на наводи и упатување на критики кон СЈО, го повикуваме Јавното обвинителство конечно да ја започне борбата против корупцијата и организираниот криминал бидејќи само на тој начин ќе може да докаже дека ја остварува својата функција и придонесува кон реформите во правосудството како основни предуслови за владеење на правото, заштита на правата и интересите на граѓаните и напредок во Евро-атлантските интеграции на државата.**

3 http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf



# ОБВИНИТЕЛСТВО

## НЕЗАКОНСКИ РЕИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РМ

На 22 септември 2016 година, за време на седница на новиот состав на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на тајно гласање, г. Петар Аневски повторно беше избран за претседател на Советот. Преку јавна реакција, Хелсиншкиот комитет укажа дека согласно Член 8 став 3 од Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2007 и 100/2011), мандатот на претседателот на Советот трае две години, **без право на повторен избор**. Поради таа причина, Комитетот ги повикува членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, во согласност со Член 10 став 3 од Законот за Советот на јавните обвинители, да закажат итна седница на која ќе ја преиспитаат својата незаконска одлука.

По јавната реакција, г. Аневски за медиумите изјави дека не било точно дека е избран незаконски. Според него, и покрај тоа што тој бил претседател на Советот на јавните обвинители до август 2016 година повторниот избор е во нов, трет мандат на Советот, што значело дека не е реизбран во ист мандат.

## Продолжува системската дискриминација на граничните премини

**ПРЕПОРАКА:**

Хелсиншкиот комитет смета дека повторниот избор на г. Аневски претставува сериозна повреда на начелото на законитост. Ваквата одлука ја доведува во прашање компетентноста, независноста и непристрасноста на членовите на Советот како и неговата основна функција да ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната функција.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ПРОДОЛЖУВА СИСТЕМСКАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

До Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати странка која побара правна помош заради ограничување на правото на движење и слободно напуштање на државата и дискриминација врз основа на претпоставена етничка припадност од страна на полициските службеници кои работат на граничните премини.

Настанот се случил на 08.09.2016 година кога странката сакала да го помине граничниот премин на аеродромот Александар Велики и да отпатува во Швајцарија кај својата снаа. При пасошката контрола граничниот полициски службеник ја прашал колку пари носи со себе за патувањето во Швајцарија. Странката на тоа одговорила дека со себе не носи пари, бидејќи ќе престојува кај својата снаа, која ќе ја издржува за време на нејзиниот престој во Швајцарија. Полицискиот службеник и рекол дека не може да и дозволи да ја помине границата, бидејќи не носи пари со себе. Потоа и го земал пасошот и

извршил компјутерска проверка, по што уште еднаш повторил дека не може да ја помине границата, бидејќи освен тоа што нема пари, таа во 2014 година побарала азил во Норвешка и со тоа направила злоупотреба на безвизниот режим на Република Македонија. По проценка на полицискиот службеник, странката повторно сакала да побара азил, овој пат во Швајцарија и заради тоа не и било дозволено да ја премине државната граница. По враќањето на пасошот странката забележала дека во истиот и се ставени две црти.

Ваквата ситуација била особено вознемирувачка и понижувачка за странката бидејќи од сите патници кои требале да летаат до Швајцарија, таа била единствената која била спречена да патува. Понижувачко и вознемирувачко било дрското однесување на полицискиот службеник на граничниот премин на аеродромот Александар Велики кој во целата комуникација со странката се обраќал со арогантен тон. Дополнително, таа претрпела и финансиска загуба за купениот авионски билет, средства кои не можат да и бидат вратени и рефундирани.

Ваквото дискриминаторско однесување на полициските службеници на граничниот премин на аеродромот Александар Велики дава основани сомневања дека била жртва на директна дискриминација врз основа на претпоставено етничко потекло, односно полициските службеници не и дозволиле да го премине граничниот премин, сметајќи дека е Ромка заради нејзиното име и презиме. Често пати полициските службеници врз основа на претпоставка дека Ромите кои патуваат кон државите на Европската Унија се потенцијални баратели на азил, им го ограничуваат правото на слободно движење, односно им забрануваат на Ромите да ја поминуваат државната граница, а при враќањето од граничните премини им спишуваат по две црти во пасошите како ознака дека на овие лица не им било дозволено да ја поминат границата, што во иднина претставува пречка за преминување на државната граница и резултира со повторна дискриминација од страна на граничните полициски службеници . Ваквото постапување е спротивно на одредбите на Законот за гранична контрола и Законот за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително странката била дискриминирана и врз основа на социјален статус, бидејќи полициските службеници не и дозволиле да ја помине државната граница бидејќи со себе не носела пари.

**ПРЕПОРАКА:**

Прекинување на праксата на системска дискриминација врз основ на етничката припадност и расното профилирање на Ромите на граничните премини, без разлика на личните предрасуди и стереотипи на овластените службени лица.

# ДИСКРИМИНАТОРСКА СОДРЖИНА ВО УЧЕБНИКОТ „ОПШТЕСТВО" ЗА 4ТО ОДДЕЛЕНИЕ

Хелсиншкиот комитет за човекови права заедно со останатите организации од Мрежата за заштита од дискриминација смета дека учебникот „Општество" за 4то одделение содржи дискриминаторски текстови врз основа на брачен и семеен статус, но и врз основа на религија.

Веќе многу родители реагираа дека вежбата во учебникот со која се бара од учениците/чките да залепат фотографија од свадбата на родителите, и уште повеќе да кажат дали истите склучиле брак во црква или во матично е крајно вознемирувачка, исклучувачка и стигматизирачка кон сите оние деца и родители кои живеат во нетрадиционални семејства. Ваквата вежба и текст значат дискриминација за децата кои живеат во еднородителски семејства, кои можат да настанат преку развод на брачните другари, смрт на родителот/ите, деца кои живеат во семејства со други роднини, па дури и кон родителите кои живеат во вонбрачна заедница или родителите кои склучиле граѓански брак, но не направиле свадба. Освен вежбата и останатиот дел од учебникот во делот каде се учи за бракот и семејството, има содржини кои ги исклучуваат и стигматизираат нетрадиционалните семејства. Со ваквата содржина во учебниците освен што се дискриминираат и стигматизираат цели групи на деца и родители и негативно се влијае врз развојот на децата од неконвенционалните семејства, исто така се оневозможува пристапот до точни и релевантни информации на секој ученик/чка преку градење на исклучувачка слика за тоа што значи „нормално" семејство, оневозможувајќи да се осознаат различностите и градејќи негативни стереотипи кај учениците уште од 4то одделение.

Како дел од Мрежата за заштита од дискриминација, се повикуваме на антидискриминациските одредби во Законот за основно образование, Законот за заштита и спречување од дискриминација кој изречно ја забранува дискриминацијата врз основа на семејна и брачна состојба, како и на Законот за семејство кој изречно ја забранува дискриминацијата на децата родени во и надвор од брак.

**ПРЕПОРАКА:**

Апелираме до надлежните институции како Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образование, Министерство за образование и наука, Народен правобранител и Комисија за заштита од дискриминација, да преземат чекори во нивна надлежност за отстранување на ваквата содржина и замена на истата со соодветна содржина која ќе ги претстави сите типови на семејства и заедници, и со тоа ќе ги исполни целите на образованието и ќе ги почитува законите на Република Македонија.



# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## ПРОДОЛЖУВА НЕДОСЛЕДНАТА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ

До Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати странка која побара правна помош како жртва на физичко и психичко семејно насилство. Имено сопругот на странката подолг период врз неа врши физичко насилство, тепајќи ја и навредувајќи ја со погрдни зборови. Физичкото насилство врз странката доживеало кулминација на 21.07.2016 година, кога таа го прашала својот сопруг дали ја обавил полската работа, по што нејзиниот сопруг без никаков повод и причина почнал да ја навредува и да ја удира со шамари и да ја дави за вратот. По извшреното физичко насилство странката се упатила во здравствена установа за да добие медицинска помош каде биле констатирани телесни повреди – оток и црвенило на лицето и оток и црвени линии на вратот.

Странката поседува медицинска документација и за физичките напади кои во континуитет се случувале во последните два месеци и како резултат на кои таа се здобила со набиеници и модринки во пределот на надколениците, надлактиците, грбот, стомакот и слабините. Покрај посоченото физичко насилство, таа била подложена и на економско и на психичко насилство. Имено од страна на нејзиниот сопруг и било забранувано да го напишти домот, слободно да се движи, да користи телефон, кредитна картичка и слично. Од овие причини странката преку својот адвокат поднела предлог за изрекување на повеќе привремени мерки за заштита од семејно насилство до Основниот суд Виница, во прилог доставувајќи ја целокупната медицинска документација за нанесените телесни повреди од страна на нејзиниот сопруг. Основниот суд Виница со решение го одбил предлогот на странката за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство врз основа на даден исказ од страна на нејзиниот сопруг и врз основа на фактот што странката и нејзиниот сопруг во моментот на, при тоа не ценејќи ја доставената медицинска документација. Незадоволна од ваквата одлука странката поднела жалба до Апелациониот суд во Штип. Уште позагрижувачки е фактот што Апелациониот суд во Штип ја одбил жалбата со образложение дека странката не доставила докази за постоење основани причини за определување на бараните привремени мерки и покрај фактот што странката доставила целокупна медицинска документација за претрпените телесни повреди.

**ПРЕПОРАКА:**

Хелсиншкиот комитет за човекови права и во минатомесечниот извештај извести за недоследна и неправилна примена на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство од страна на судиите. Повторно апелираме судиите да почнат ефикасно, доследно и правилно да го применуваат Законот за превенција, спречување и заштита на семејно насилство, особено одредбите кои се однесуваат на изрекувањето на привремените мерки за заштита, како би се обезбедила најдобра заштита и би се отстраниле непосредните и сериозни опасности по животот и физичкиот интегритет на жртвите на семејното насилство и членовите на нивните семејство.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Во септември 2016 година во Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати странка и побара правна во однос на одбиено барање за постојана парична помош. Имено, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје-Чаир по барањето на странката за постојана парична помош донесе Решение со кое го одби барањето. Образложението на Центарот за одбивањето на ова барање е претходен долг на странката за неосновано примени средства, утврдено со Решение кое станало конечно со пресудата на Виш Управен Суд

Со ова Решение е ограничено правото на социјална заштита што е во спротивност со Уставот на РМ, а согласно член 213 ст.2 од Законот за социјална заштита, Центарот требал да го повика барателот и да понуди спогодба за износот, начинот и рокот за враќање на примените средства, а не долгот сам по себе да биде основ за одбивање на барањето. Лицето било повикано во Центарот и усно побарало спогодба на начин што ќе му биде

доделено правото на постојана парична, со тоа што ќе се обврзе секој месец  да враќа дел од долгот. Наместо тоа на странката и била понудена изјава во која таа потпишала дека не може одеднаш да ги врати средствата.

За потребите на странката Хелсиншкиот комитет изготви жалба, по која се уште нема одговор.

**ПРЕПОРАКА:**

Хелсиншкиот комитет изразува загриженост за непрофесионалното однесување на Центарот за социјална работа, особено кога истиот при одлучување не ги зема  предвид неспособноста за работа и материјалната необезбеденост на лицата кои поднесуваат барања за остварување на одредени права од социјална заштита. Хелсиншкиот комитет препорачува Центрите за социјална работа во постапувањето по барањата на странките да се водат од начелата на законитост и активна помош на странката. Незнаењето или неукоста на странката која учествува во постапката не треба да биде на штета на нејзините законски права и интереси.



